До Државната комисија за спречување на корупцијата доставено е Известување/Барање мислење во однос на тоа, дали постапувањето согласно Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси во ситуација, образложена од страна на барателот, кога би настанала состојба на судир на интереси е правилно и законито во согласност со претходно наведениот закон.

Државната комисија за спречување на корупцијата согласно член 72 став 3 од Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси („Службен весник на РМ", бр. 12/19), го издава следново:

## М И С Л Е Њ Е

Државната комисија извести дека, согласно член 2 став 3 од Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси во конкретната ситуација **постои судир на интереси**, бидејќи согласно член 8 став 4 од истиот закон, лицето за кого се прашува во барањето на мислење е блиско лице на службеното лице со кое имаат финансиски интерес.

Имено , во постапката на расправа и одлучување по поднесеното барање за добивање согласност за вршење на функцијата Извршен член на Одборот на директори во осигурителна компанија, треба да постапат согласно член 73, член 74 став 1 и 2 и член 75 став 1 од Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси и тоа:

**Член 73**

**(1)** Ако службено лице учествува во расправа на орган или тело во кое се одлучува за работи за кои тоа или блиско лице има приватен интерес, службеното лице е должно да го пријави постоењето на приватниот интерес и да се изземе пред расправата и одлучувањето, а најдоцна пред почетокот на одлучувањето.

**(2)** Органот или телото на чија седница лицето од ставот (1) на овој член го соопштил постоењето на приватен интерес, е должно тоа да го констатира и внесе во записник.

**(3) Прикривањето на постоење приватен интерес од страна на службеното лице претставува повреда на должноста и основа за покренување постапка за утврдување на одговорност и изрекување на мерки согласно со овој закон.**

**Член 74**

(1) Службеното лице кое учествува или одлучува во постапката за избор, именување или вработување или е вклучено како член на телото што ја спроведува таа постапка е должно да го извести раководното лице во органот, односно институцијата каде што службеното лице врши јавни овластувања за сите постапки што можат да предизвикаат судир на интереси.

(2) По утврдувањето на односот на службеното лице со кандидатот за избор, именување или вработување, раководното лице од ставот (1) на овој член, е должно да ги преземе сите неопходни мерки за спречување на појавата на судир на интереси.

**Член 75**

**(1)** Кога службеното лице ќе дознае за околности што укажуваат на постоење на судир на интереси или на потенцијален судир на интереси, е должно веднаш да побара да биде изземено и да запре со своето постапување.

Агенцијата за супервизија на осигурувањето, покрај другите законски надлежности има надлежност и да спроведува супервизија на друштвата за осигурување, издава и одзема дозволи, согласности и лиценци врз основа на овој закон и другите закони и да изрекува мерки на супервизија согласно со закон.

Согласно наведеното, Државната комисија за спречување на корупцијата смета дека, согласно член 72 став 1 од Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси поради постоење на приватен интерес, службеното лице треба да внимава на потенцијалниот судир на интереси кој може да прерасне во реален (фактички) судир на интерес во моментот кога Агенцијата за супервизија на осигурувањето ќе врши супервизија на осигурителната компанија.

Имено, Државната комисија укажува на тоа дека службеното лице треба да постапува согласно цитираните членови и тоа: член 73, член 74 став 1 и 2 и член 75 став 1 од Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси и при вршењето на супервизија на осигурителната компанија од страна на Агенцијата за супервизија на осигурувањето.

Согласно начелото на интегритет, секое службено лице во вршењето на својата функција е должно да внимава на евентуален судир на интереси и при извршувањето на јавните овластување и должности не смее да се раководи од лични , семејни, верски, партиски и етнички интереси.

ДРЖАВНА КОМИСИЈА
ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА
**Претседател,**
**Билјана Ивановска**